Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација,

Локалните јавни установи од областа на култура, образование и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерство за финансии врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребите од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

**Член 21**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 22**

Буџетот на Општината Валандово се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Валандово", а ќе се применува од 01 Јануари 2025 година.

Бр.08-161/3 Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Буџетскиот календар за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Буџетски календар за 2025 година што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/4 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19, 150/21, 173/22 и 170/24), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.Весник на РСМ" бр.202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2025 година**

Со Буџетскиот календар за 2025 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, како што следува:

| **МЕСЕЦ** | **Буџетски активности - одговорност** |
|---|---|
| | |
| Септември | Градоначалникот на општината ги утврдува и ги доставува главните насоки за изготвување на предлог-финансиските планови за 2025 година на општинските буџетски корисници. |
| Октомври | Раководителите на општинските буџетски корисници до Градоначалникот ги доставуваат предлог-финансиските планови за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. |
| Октомври | Се анализираат предлог-финансиските планови |

| | |
|---|---|
| | добиени од буџетските корисници, од страна на Одделението за финасиски прашања, се усогласуваат и се информира Градоначалникот. |
| Октомври | Градоначалникот подготвува предлог план на програми за развој. |
| Октомври/Ноември | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој и тој станува составен дел на Предлог-буџетот |
| Ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Предлог-буџетот, подготвен од Одделението за финансиски прашања. |
| Ноември | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>б. Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава на достапност на јавноста; и<br>в. Се одржуваат јавни расправи |
| Декември | До Советот се доставува конечен Предлог - Буџет од страна на Градоначалникот |
| Декември | - Предлог-Буџетот го разгледува комисијата за финасирање, буџет и локален економски развој;<br>. Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната година;<br>- Доколку Советот не го усвои Предлог- буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28 ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС.. |

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-161/4 Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/5 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утрдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот, за пресметување на платите на државните службеници, вработени во администрацијата на Општина Валандово, за 2025 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“, а ќе се применува со исплатата на плата за месец јануари 2025 година.

Бр.08-161/5 Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за пратнерство за спроведување на заеднички проект**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за пратнерство за спроведување на заеднички проект, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/26 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина
Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 15 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 11 и точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и првата редовна седница одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за склучување на Договор за партнерство за спроведување на заеднички проект**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Договор за партнерство за спроведување на заеднички проект со Здружението Институт за развој на заедницата - ИРЗ Тетово, а кој е со цел да ги дефинира меѓусебните односи, права и обврски во спроведувањето на проектот: „Зајакнување - Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан".

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за уредување на меѓусебните права и обврски во спроведувањето на проектот помеѓу Општина Валандово и Здружението Институт за развој на заедницата - ИРЗ Тетово, утврден во член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-161/26 Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на Меморандум за соработка на реализација на проектна иницијатива**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност за склучување на Меморандум за соработка на реализација на проектна иницијатива, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/27 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина
Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 15 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 11 и точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и првата редовна седница одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на Меморандум за соработка за реализација на проектна иницијатива - Центар за соработка во заедницата**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Меморандум за соработка за реализација на проектна иницијатива „INNOVALAND The Community Collaboration Hub – Центар за соработка во заедницата", со Мрежа за рурален развој на Северна Македонија со партнерот ЛАГ Бојмија, а поддржана од проектот „Програма за развој на заедницата" финансиран од Агенцијата на САД за меѓународен развој – УСАИД.

**Член 2**

Соработката има за цел да отвори иновативен општински хаб каде што граѓански организации, мали бизниси, активисти, Општинскиот младински совет, фриленсери, млади експерти и други, ќе имаат можност

да соработуваат, иновираат и да го поттикнат напредокот на локалната заедница.

**Член 3**

По склучување на предметниот Меморандум за соработка наведен во член 1 на оваа Одлука, Општина Валандово ќе склучи меѓусебен Договор за уредување на правата и обврските со ЈОУ Дом на култура „25 Мај" Валандово.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/27 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/28 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ" бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 31/20 ), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" 202/2024 ) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, за време на Божиќните празници (04, 05 и 06.01.2025 година), **ГО ПРОДОЛЖУВА** работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/28 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на План за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на План за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/6 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" 202/24) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и првата редовна седница одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на измената на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Измената на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година, бр.01-1352/1 од 18.12.2024 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-161/6 Совет на Општина
Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Финанискиот план на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Финанискиот план на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/7 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина
Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/23 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62, во врска со член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 во врска со член 15 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Валандово за 2025 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** на Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Валандово за 2025 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-161/23 Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност за Програма за работа и развој на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис" Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност за Програма за работа и развој на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис" Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.08-161/24 Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ"

бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ 202/24),член 21 став 1 точка 29, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Финансискиот план на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2025 година**

**СЕ УСВОЈУВА** Финансискиот план на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2025 година бр.05-90/4, предложен од Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово со Одлука бр.02-99/2 од 19.12.2024 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-161/7
Валандово
23.12.2024 год.
Валандово

Совет на Општина
Претседател
Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/8
27.12.2024 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.202/2024), член 15 став 1 точка 3, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница одржана на 23.12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ЗА 2025 ГОДИНА**

## 1. Вовед

Специфичните стратегиски приоритети за развој на локалната економија, факторите кои го условуваат економскиот раст, бизнис заедницата, граѓанското општество и технолошкото знаење се дел од процесот на планирање на програмата за поддршка на локалниот економски развој. Истата треба да овозможи директно поместување на границата на производните можности, односно преку процес на иновации и инвестиции да создаде заедничка визија за подобри услови кон одржлив локален економски развој.

Во процесот на планирање иницијативите ќе имаат јасно определена содржина, која ќе одговара на локалните проблеми. Вклученоста на цела мрежа луѓе и институции претставува клучен елемент за локалниот економски развој. Физичкиот и човечкиот капитал, природните ресурси и технолошкото знаење се фактори кои доколку правилно се искористат во голема мера ќе ја унапредат конкурентната способност на локално ниво, а истовремено ќе допринесат за промовирање и создавање дополнителна вредност на локалните бизниси, самовработување и вработување на локалната заедница. Соработката, меѓусебната доверба, посветеноста на одбраните субјекти, нивната експертиза, кредибилитет во локалната средина и нивното влијание во планирањето на процесот на локален економски развој ќе овозможат развој на активности соодветни на нивото на економска развиеност и поставување јасни остварливи и мерливи цели. Воспоставувањето механизми ќе ја исцртаат развојната патека кон посакуваната крајна цел и ќе го придвижат економскиот развоен процес во нагорна линија.

Имајќи ја предвид јасната претстава за пазарниот механизам и двигателите на локалниот економскиот пораст, постојната конкурентна позиција и начинот на функционирање, програмата за поддршка на локалниот економски развој преку воведување различни видови стимулации, пристапи и активности предвидува мерки за подобрување на деловното

опкружување. Битно да се спомене е дека сите мерки кои ги предлага и презема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив еконоимски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој.

## 2. Цели на програмата

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Валандово .

- Континуиран развој на капацитетите на општина Валандово за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови.
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Валандово.
- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства.
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови.
- Континуирано подобрување на енергетската ефикасност.
- Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти.
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

## 3. Активности

### 3.1 Подготовка на проекти и проектно управување

Една од круцијалните активности, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет. Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

### 3.2 Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Одделението за локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Одделението за локален економски равој. Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди. Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции ;
- превод на стручна литература ;
- консултантски услуги за специфични проектни активности и
- воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации

### 3.3 Изработка на урбанистички планови

Општина Валандово, активно работи на процесот на урбанизација на сите населени места. Во рамки на тоа, во 2025 општината ќе продолжи да работи на донесување на детални урбанистички планови за населените места Балинци, Марвинци, Чалакли, Прстен, Башибос, Кочули, Собри, Удово и Дедели. Проектот е финансиран од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

- Вкупна вредност на проектот 6.467.881,00 денари

Во текот е 2025 година, ќе се работи и на изработка на детални урбанистички планови за град

Валандово. Во моментот се работат ДУП за блок 3.1 и ДУП за блок 1.2, овие планови се финансират од Буџетот на Општина Валандово. Во 2025 година ќе се отпочне со изработка и на останатите Детални урбанистички планови во градот Валандово.

3.4 Реализација на проекти

Општината во 2025 година, активно ќе работи на имплементација на веќе добиените проекти од страна на домашните и меѓународни донатори.

- Санација на кров и фасада на културен центар во Валандово. Проектот ќе се финансира од страна на Министерство за култура и Буџет на општина Валандово.
  - Вкупна вредност на проектот 17.646.988,00 денари.
- Изградба на нова детска градинка во населено место Пирава; Проектот ќе се финансира од Министерство за труд и социјална политика;
- Изградба на дел од колектор за град Валандово, дел 1. Проектот ќе се финансира од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.
  - Вкупна вредност на проектот 21.647.000,00 денари.
- Изградба на водоводен систем во с. Клаково – изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарна мрежа во с. Калково; Проектот ќе се финансира согласно договорот склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европската Инвестициона Банка, а ќе го спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање;
  - Вкупна вредност на инвестицијата 36.492.937,00 денари
- Подобрување на енергетската ефикасност во кој е сместена ЕЛС на општина Валандово и инсталирање на нов систем за греење во Дом на културата 25 Мај; Проектот ќе се финансира како под-заем од средства од Проектот за енергетска ефиканcот во јавниот сектор (ПСЕЕП);
- Изградба на пат Јосифово – Калково (ул. Моша Пијаде во Јосифово), со дополна на основниот проект со бетонирање на канал за прифаќање на атмосферските води од локалниот пат Јосифово – Калково, финансирањето на проектот е од Министерството за транспорт;
- Изградба на капела на градски гробишта во Валандово. Проектот ќе се финансира согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, а во врска со Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година. Финансиските средства се доделени со Договор за користење на финансиски средства склучен помеѓу Министерството за транспорт и Општина Валандово.
  - Вредноста на инвестицијата е 18.424.421,00 денари.
- Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли; Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање. Обезбедени се финансиски средства од 3.500.000,00 денари за изработка на основен проект и урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура. Доколку се обезбедат дополнителни средства истиот ќе се реализира.
- Изградба на новопланирана улица во комплекс со намена Г2, Г3, Г4 КО Јосифово. Проектот ќе се финанира од Законот за финанирање на единиците на локалната самоуправа, а во врска со Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година. Финансиските средства се доделени со Договор за користење на финансиски средства склучен помеѓу Министерството за транспорт и Општина Валандово.
  - Вредноста на инвестицијата е 11.260.054,00 денари. Обезбедени средства од Министестворо за транспорт се 10.010.227,00 денари, а од Буџетот на Општина Валандово дообезбедени се 1.249.827,00 денари.
- Поставување на Е-полнач како урбана опрема – Полнач за електрични автомобили на паркинг пред спортска сала Филип II Македонски. Техничката документација е изработена од Центарот за развој на Југоисточен плански регион.
- Изградба на улица Новопроектирана 1, во Валандово;
  - Вредност на инвестицијата 7.315.067,80 денари.

- Доколку се обезбедат средства ќе се изгради нова линија од пумпна станица Чалакли – Татарли до село Чалакли;
- Доколку се обезбедат средства ќе се изврши замена и ќе се инсталираат марни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во Општина Валандово. Проектираната вредност на овој проект е 47.644.506,00 денари.
- Општина Валандово има изработено техничка документација за изградба на Претчестителна станица за отпадни води, проектираната вредност е 237.132.123,26 денари и доколку се обезбедат истите средства ќе се отпочне со изградба.
- Изградба на улица Новопроектирана 1, во Валандово;
    - Вредност на инвестицијата 7.315.067,80 денари.

Освен имплементацијата на проекти кои се финансирани од домашни и странски донатори, во 2025 година се предвидуваат и проекти кои ќе се реализираат од Буџетот на општина Валандово.

- Уредување на централно градско подрачје;
- Реконструкција на улица Маршал Тито во Валандово и замена на водоводна линија;
- Уредување на дел од булеварот Првомајска во Валандово и регулација на атмосферски води;
- Поставување на урбани паноа на булевар „Првомајска" и улица „Моша Пијаде" во Валандово;
- Изградба на улици во населените места Калково, Казандол и Грчиште;
- Изградба на локални улици во населено место Марвинци;
- Изработка на техничка документација за градски базен;
- Уредување на инфраструктура во индустриски зони;
- Уредување и изградба на училишни спортски игралишта;
- Изградба, реконструкција и санација на улици на територијата на општина Валандово;
- Изградба на детски паркови на територија на Општина Валандово;
- Изградба на паркови со населените места Башибос, Чалакли и Раброво;
- Поставување на автобуски постојки во населените места;
- Парк Шума – следни фази;
- Уредување на простор наменет за продажба на земјоделски производи;
- Изведување на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води;
- Реконструкција на улица „Поројска" во село Удово;
- Се изработува техничка документација за потисен цевковод од пумпна станица Чалакли – Татарли до град Валандово. Доколку се обезбедат средства истиот ќе биде изграде.
- Поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација со забавувачи на сообраќајот, во Општина Валандово.

**4.Финансирање**

Активностите на Општина Валандово од областа на Локалниот економски развој утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, меѓународни донатори и под-заем.

**5. Завршни одредби**

Градоначалникот на општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/8 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/9 Градоначалник

27.12.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа за член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15,226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/2024, 233/2024), член 22 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 15 став 1 точка 1, член 21 став 1 точка 8 и член 62 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница, одржана на 23.12.2024 донесе

## ПРОГРАМА
## за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година

Програмата ги содржи следните елементи:

1. Простор кој е предмет на уредување;
2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3. Обем и степен на опремување на градежното земјиште со објекти на основна и секундарна инфраструктура;
4. Планирани извори за финансирање на Програмата;
5. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште;
6. Начин на распределба на средства за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,
7. Динамика на извршување на програмата за уредување на градежно земјиште;
8. Објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Републиката и оцена на нивното влијание врз животната средина, што ги финансира Република Северна Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила или дала под закуп Република Северна Македонија;
9. Преодни и завршни одредби.

### 1. Простор кој е предмет на уредување

Како простор кој е предмет на уредување на оваа програма се смета сето изградено и неизградено земјиште на подрачјето на општина Валандово, опфатено со урбанистички планови и акти што ги заменуваат тие планови.

### 2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

-Подготвителни работи кои опфаќаат оформување на геодетска и геомеханичка документација и

-Расчистување на градежното земјиште преку решавање на имотно правните односи и уривање на постојни градежни или друг вид на објекти.

### 3. Обем и степен на определување на градежното земјиште со објекти на основна и секундарна инфраструктура

Под обем на определување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктура заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, со изградба на водоводна, фекална и атмосферска канализација, како и нисконапонска и телекомуникациска мрежа со можност за приклучоци до градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

Основен степен на уреденост претставува опременост на земјиштето со напречен пристап до градежната парцела од јавен пат, со изградба на водоводна, фекална и атмосферска канализација, како и нисконапонска и телефонска мрежа со можност за приклучоци до градежната парцела.

Повисок степен на уреденост на земјиштето претставува зголемена уреденост од основниот степен со еден од останатите објекти на комуналната инфраструктура, како ПТТ (оптичка-телекомуникациска) мрежа, топлификациска и гасоводна мрежа паркинг простори и пречистителна станица за отпадни води.

Понизок степен на уреденост на градежното земјиште претставува уреденост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура во непосредна близина на градежната парцела преку претходно вложување, каде спаѓаат:
Примарни сообраќајници;

- Магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со придружни објекти;
- Примарни водови за одвод на фекални и атмосферски води (колектори);
- Далноводи и трафостаници до 10 КВ;
- Јавни површини, согласно урбанистичките планови;
- Јавно осветлување и јавни зелени површини.

Објектите од став 5 од оваа точка од комуналната инфраструктура претставуваат елементи на предходни вложувања за опременост на градежно земјиште, а учествуваат со 30 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

При пресметувањето на висината на надоместок за утврдување на градежно земјиште

учество на поедини елементи на основниот степен на опремување е:

1. Изработка на урбанистичка документација ........... 3%

2. Изградба на улици - експропријација ................... 5,5%

- Пробивање............3,5%
- изградба на горен и долен строј ................... 23%
- изградба на фекална канализација ................... 4,5%
- изградба на атмосферска канлизација ................6,0%
- изградба на водоводна мрежа ..................6,0%
- изградба на нисконапонска електр.мрежа .............. 6,0%
- улично осветлување................3,0%
- трафостаница.........................10,0%
- техничка документација, надзор на работите и др.....2,5%

вкупно 70,0%

Трошоците за приклучок на уличните водоводни и канализациони мрежи и на нисконапонската електрична мрежа ги сноси користникот на земјиштето.

Проектирањето и изградбата на инфраструктурна мрежа на висок напон, инсталации и објекти, трафостаници или учество во нив, кориникот на земјиштето го регулира согласно електроенергетската согласност.

**4. Планирани извори на финансирање на програмата**

| | |
|---|---|
| 1. | Средства од надомест за уредување на градежно земјиште од физички лица за изградба на семејни куќи |
| 2. | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од правни лица |
| 3. | Средства од надоместок за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија |
| 4. | Надоместок за користење на уредено земјиште за такси |
| 5. | Издавање на лиценци |
| 6. | Други приходи |
| 7. | Комунални такси |
| 8. | Донации |

Од висината на планираните приходи за уредување на градежно земјиште се планират работи на уредување на градежно земјиште како и реконструкција на објектите на комуналната инфраструктура (инвестиционо одржување).

**5. Висина на надоместок за уредување на градежно земјиште и негова распределба**

Надоместок за уредување на градежно земјиште е давачка која е во директна зависност од:

- Зоната во која се наоѓа градежната парцела;
- Намената на објектот односно посебниот дел од објектот (станбен, деловен, индустриски, итн)
- Нето површината на објектот што ќе се гради;

Градежното земјиште на подрачјето на општина Валандово се определува во 6 зони и тоа:

I -централно подрачје на градот

II -надвор од централно подрачје на градот, без населбата Странец

III -населба Странец во Валандово

IV -село Пирава, Јосифово, Удово, Брајковци, Балинци, Марвинци и Раброво

V -село Чалакли, Горна Маала и Калково

VI -останати села во Општината

VII -локации надвор од населените места

VIII -Индустриска зона Раброво, Комплекс со намесни Г2, Г3 и Г4 на КП 652 КО Јосифово.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува:

1 зона:

- станбен простор (Намена А1,А3,А4) 1.100,00 ден
- станбен простор во зграда(Намена А2) 1.400,00 ден
- деловен простор (Намена Б) 1.700,00 ден
- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

2 зона:

- станбен простор (Намена А1,А3,А4) 1.000,00 ден
- станбен простор во зграда(Намена А2) 1.400,00 ден
- деловен простор (Намена Б) 1.600,00 ден
- производство, дистрибуција и сервиси (Намена Г) 12.000,00 ден
- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

3 зона:

- станбен простор (Намена А1,А3,А4) 1.100,00 ден
- деловен простор (Намена Б) 1.600,00 ден
- производство, дистрибуција и сервиси (Намена Г) 12.000,00 ден

- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

4 зона:

- станбен простор (Намена А) 750,00 ден
- деловен простор (Намена Б) 1.100,00 ден
- производство, дистрибуција и сервиси (Намена Г) 12.000,00 ден
- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

5 зона:

- станбен простор (Намена А) 550,00 ден
- деловен простор (Намена Б) 750,00 ден
- производство, дистрибуција и сервиси (Намена Г) 12.000,00 ден
- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

6 зона:

- станбен простор (Намена А) 350,00 ден
- деловен простор (Намена Б) 500,00 ден
- производство, дистрибуција и сервиси (Намена Г) 12.000,00 ден
- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

7 зона:

- станбен простор (Намена А) 1.100,00 ден
- деловен простор (Намена Б) 1.450,00 ден
- производство, дистрибуција и сервиси (Намена Г) 12.000,00 ден
- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

8 зона:

- деловен простор (Намена Б) 1.100,00 ден
- производство, дистрибуција и сервиси (Намена Г) 12.000,00 ден
- инфраструктура (Намена Е) 11.000,00 ден

Оваа единечна цена се множи со нето површината на одредена просторија и со соодветен коефициент за таа просторија согласно Правилникот за степенот на уредувањето.

**6. Начин на распределба на средства за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,**

Советот на Општина Валандово ќе донесе посебни програми за секој посебен вид на инфраструктура кои ќе се градат во 2025 година, во кои прецизно ќе се определи кои инфраструктурни објекти ќе се градат, кои постојни инфраструктурни објекти ќе се реконструираат и потребните финансиски средства за секој објект поодделно.

**7. Динамика на извршување на програмата за уредување на градежно земјиште.**

Советот на Општина Валандово ќе донесе посебни програми за секој посебен вид на инфраструктура кои ќе се градат во 2025 година, во кои прецизно ќе се определи кои инфраструктурни објекти ќе се градат, кои постојни инфраструктурни објекти како и динамиката за отпочнување и завршување со градежните активности за изградба и реконструкција за секој инфраструктурен објект поодделно.

**8. Објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Републиката и оцена на нивното влијание врз животната средина, што ги финансира Република Северна Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила или дала под закуп Република Северна Македонија.**

Општина Валандово, ќе ги подржи проектите од јавен интерес за Републиката со подршка на процесот на изработка и одобрување на градежно-техничка документација почитувајќи ги законските рамки. Општина Валандово ќе прибира средства за надоместок за уредување на градежно земјиште за ваков тип на објекти, со исклучок на објектите кои се ослободени со законски или подзаконски акт. Финансирањетона овие објекти во целост останува на Република Северна Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила или дала под закуп Република Северна Македонија.

**9. Преодни и завршни одредби**

Објектите од класа на намени В (образование, здраство, социјална заштита, култура, државни и општински објекти и верски објекти), како и објекти во кои како инвеститор се јавува Општина Валандово или институции формирани од Општина Валандово се ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште.

За уредувањето на градежното земјиште во зона 7, аленија 1 и 2 надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува за понизок степен на уредување на градежно земјиште, односно износот од точка 5, став 3 зона 7 ќе се помножи со 30%.

За фотоволтаични електронски централи кои се поставуваат на објекти надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува со износ од 8.150,00 денари помножено со коефициентот 0,01 за 1 метар квадратен површина на фотоволтаичните

панели, за фотоволтаични електорнски централи кои се поставуваат на градежно неизградено земјиште износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе биде 8.150,00 денари за метар квадратен површина на градежната парцела, а за ветерни електроцентрали износот на надоместок за уредување на градежно земјиште да изенсува 1.200.000,00 денари за секоја единица (турбина).

За линиски инфраструктутни градби надоместокот за утврдување на градежно земјиште ќе се пресметува по 300 денари за пресметковна единица 1 метар должен, за еден столб по 3.000,00 денари и за ормар за електрично броило по 3.000,00 денари.

За секој вид на објект или простор неопфатен со Програмата ќе се пресметува по аналогија како за опфатен, или со соодветна пресметка изготвена од Комисијата формирана од Градоначалникот.

Кога се урива постоечки објект за да се изгради нов, надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа само за разликата во површините помеѓу новопредвидениот и објектот кој се урива.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште кога се врши пренамена од станбен во деловен простор, се плаќа само разликата помеѓу утврдените цени на надоместоците за деловен и станбен простор за соодветната зона.

Надоместокот за уредување на правен статус на бесправно изграден објект, за постапките поведени до денот на усвојувањето на оваа програма, ќе се пресметува согласно програмата за уредување на градежно земјиште за 2011 година.

За пресметан надоместок за уредување на градежното земјиште кое го надминува износот од 100.000 денари, на инвеститорот може да му се овозможи да го плати надоместокот на рати. Притоа инвеститорот е должен, пред вклучувањето на Договорот за одложено плаќање, до надлежниот орган на општината да депонира банкарска гаранција во висина на пресметаниот износ на надоместокот.

Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот од соодветно претпријатие кое стопанисува со објектите од комуналната инфраструктура. Истите не смеат да приклучат објект кој е бесправно изграден.

Коефициентите со кои се множи нето површината на сите подови во објектот за кој се пресметува надоместок се предвидени во Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово", а ќе се применува од 01 Јануари 2025 година.

Бр.08-161/9 Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/10 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 40, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24" и автентично толкување "Службен весник на РСМ 73/24"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр. 202/2024), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и прва редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година**

**А.** Урбанистичко планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови, со цел да се обезбеди уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Урбанистички план е план за уредување и користење на просторот во рамките на планскиот опфат на град, село или друго подрачје утврдено со планот.

**Б.** Во зависност од просторот кој е предмет на планирањето, Општината ги донесува следните планови:

- Генерален урбанистички план;
- Детален урбанистички план;
- Урбанистички план за село;
- Урбанистички план за вон населено место и

Изработувањето на наведените планови го вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработка на урбанистички планови.

Финансирањето на изработката на урбанистичките планови се врши од буџетот на општината.

Изработката на плановите од програмата, можат да ја финансираат и заинтересирани правни и физички лица чии програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

**В.** Имајќи ја во предвид состојбата со постојните урбанистички планови и пројавените потреби од нивно изменување и дополнување, во 2025 година, Општина Валандово ќе ги продолжи постапки за донесување на урбанистички планови и тоа:

1. Урбанистички план за селата:Удово, Балинци, Марвинци, Собри, Дедели, Чалакли, Прстен, Башибос и Кочули.
2. Измени и дополнување на дел од урбанистички план за село Јосифово-блок 4.
3. Изработка на Деталени урбанистички планови за градот Валандово.

**3.1 Урбана единица 1**

- поделена на осум дела (1.1, 1.2, 1.3, 1.5, 1.6, 1.7, 1.8)
- површина на опфат: 32,06 ха
- намена на просторот: А – домување, В – јавни институции, Г – производство, дистрибуција и сервиси

**3.2 Урбана единица 2**

- поделена на пет дела (2.1, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5)
- површина на опфат 26,96 ха
- намена на просторот: А – домување, Б – комерцијални и деловни намени, В – јавни институции, Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, Е – инфраструктура

**3.3 Урбана единица 3**

- поделена на еден дел (3.1)
- површина на опфат 12,72 ха
- намена на просторот: А – домување, Б – комерцијални и деловни намени, В – јавни институции, Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, Е - инфраструктура

**3.4 Урбана единица 4**

- поделена на четири дела (4.1, 4.2, 4.3, 4.4)
- површина на опфат 21,18 ха
- намена на просторот: А – домување, Б – комерцијални и деловни намени, В – јавни институции, Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, Г – производство, дистрибуција и сервиси, Е – инфраструктура

**3.5 Урбана единица 5**

- поделена на осум дела (5.1, 5.2, 5.3, 5.4, 5.5, 5.6, 5.7, 5.8)
- површина на опфат 31,32 ха
- намена на просторот: А – домување, Б – комерцијални и деловни намени, В – јавни институции, Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, Г – производство, дистрибуција и сервиси, Е – инфраструктура

**3.6 Урбана единица 6**

- поделена на три дела (6.1 6.2, 6.3)
- површина на опфат 18,34 ха
- намена на просторот: А – домување, В – јавни институции, Г – производство, дистрибуција и сервиси, Е – инфраструктура

**3.7 Урбана единица 7**

- поделена на пет дела (7.1, 7.3, 7.4, 7.5)
- површина на опфат 26.99 ха
- намена на просторот: А – домување, В – јавни институции, Г – производство, дистрибуција и сервиси, Е – инфраструктура

**Г.** Општина Валандово согласно член 39 од Законот за урбанистичко планирање преку Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општината, ќе ги разгледа сите доставени иницијативи за изменувања и дополнувања на урбанистички планови, како и за изработка на нови урбанистички планови. Прифатените иницијативи од страна на комисијата се доставува до Градоначалникот на општината, кој ја предлага на Советот на Општина Валандово за вметнување во годишната програма.

**Г.1** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за канализационен систем во населено место Чалакли и колектор од населено место Чалакли до реципиент „Анска Река“.

**Д.** Постапките за донесување на урбанистичко проектните документации кои се отпочнати со предходните донесени годишни програми за урбанистичко планирање ќе продолжат согласно одредбите од годишните програми за урбанистичко планирање по кои се започнати.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”, а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

Бр.08-161/10     Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год.
Валандово

Претседател
Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/11 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 79, став 2 од Законот за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 103/2009, 124/2010, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Сл. Весник на РСМ бр.244/19 и 18/2020, 279/2020, 96/2021, 227/2022, 111/2023, 115/2023 и 224/2024"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и прва редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 донесе

**ПРОГРАМА**
**за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2025 година**

**А.** Под урбана опрема се смета: опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларни претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**Б.** Со оваа програма се утврдува видот, големината и локациите на кои може да се постави урбаната опрема.

Б-1. На градското шеталиште и на плоштадот во Валандово се дозволува поставување на тераси со или без настрешници.

Б-1.1 За терасите пред угостителските објекти на источниот крак на улица Маршал Тито, максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина до 1,5 м до канавката за прифаќање на атмосферската вода од шеталиштето и плоштадот.

По исклучок од претходниот став на оваа точка доколку не е поднесено барањето за поставување на урбана опрема од деловните објекти од спротивната страна на улица Маршал Тито, максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина до канавката за прифаќање на атмосферската вода од шеталиштето и плоштадот. Во ваквиот случај согласно просторните услови на улица Маршал Тито да се води сметка да во секој момент да има минимум 3,0 м слободен простор за непречена комуникација на специјални возила. Одобрението за поставување на урбана опрема се издава во период од максимум 30 дена со можност за повеќекратно продолжување, со ново одобрение за поставување на урбана опрема.

Б-1.2 За терасите пред угостителските објекти на западниот крак на улица Маршал Тито, максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина до канавката за прифаќање на атмосферската вода од шеталиштето и плоштадот.

По исклучок од претходниот став на оваа точка, на западниот крак на улица „Маршал Тито", максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширина на угостителскиот објект.

Б-2 На градскиот плоштад се дозволува поставување на 1 (еден) покриен шанк.

Б-2.1 На просторот околу шанкот се довозлува поставување и на тераса со или без настрешници. Шанкот и придружната тераса да бидат сместени на платото пред споменикот на жртвите од земјотресот од 1931 година.

Б-2.2 Како затекната урбана опрема Одобрението за поставување на урбана опрема ќе се издаде на лицето кое е сопственик на постојната урбана опрема.

Б-3 На улицата Маршал Тито во с.Јосифово се дозволува поставување на тераси со или без настрешници на постоечките деловни објекти, а максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина на целиот тротоар.

Б-4 На улица Маршал Тито на плоштад во село Пирава на КП 14718 и КП 15364/1 КО Пирава се дозволува поставување на урбана опрема тераси со и без настрешници, максималната површина која може да ја зафаќаат да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина од 3,5 м од објектот пред кој се поставува урбаната опрема.

Б-5 На електричните столбови и канделабри во сопственост на општина Валандово се дозволува поставување рекламни и информативни паноа со максимални димензии од 1,0 x 1,0 м.

Б-6 Постојаните рекламни паноа и билборди кои се легално поставени и кои со својот габарит не го попречуваат нормалното функционирање на сообраќајот се предвидуваат во ова програма. Нови

рекламни паноа може да се предвидуваат за поставување по барање на странки со дополнување на ова програма преку Советот на Општина Валандово.

Б-7 На ЈП Комунален сервис и Општина Валандово им се дозволува поставување на нова и замена на оштенети или уништени автобуски постојки и урбана опрема (корпи за отпадоци, контејнери, клупи, жардинериии за цвеќиња, детски игралишта и слично), во градот Валандово и населените места од општината.

Б-8 На територијата на Општина Валандово на градежно изградено земјиште се дозволува поставување на лесни подвижни елементи на урбана опрема, со максимална големина до 16 м².

**В**. Со оваа програма се утврдува и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

В-1 Урбаната опрема од точка Б-1 до Б-4 може да се поставува во интервалот помеѓу 01.01.2025 и 31.12.2025 година.

В-1.1 Урбаната опрема од точка Б-1.1 став 2 може да се поставува во интервалот помеѓу 01.01.2025 и 31.12.2025 година со рок на поставување од најмногу 30 дена со можност за повеќекратно продолжување за 30 дена доколку во претходниот период нема поднесено барање за поставување на урбана опрема од деловните објекти од спротивната страна на улица Маршал Тито.

В-2 Поставувањето на урбаната опрема од точка Б-5 до Б-6 се предвидува на неопределено време. Општина Валандово го задржува правото за отстранување на урбаната опрема по истекот на една година од поставувањето.

В-3 Поставувањето на урбаната опрема од точка Б-8 може да се постави во временски интервал од една седмица, по претходно добиено одобрение.

**Г.** Со оваа опрема се предвидува и начинот на одобрение и потребната документација за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.

Г-1 За урбаната опрема од точка Б-1 до Б-4, барателот кон барањето треба да приложи и доказ за сопственост или договор за закуп заверен на Нотар за објектот пред кој ќе се постави урбаната опрема. Урбаната опрема се поставува по издавање на одобрението за поставување на урбана опрема, согласно Законот за градење. По издавањето на одобрението барателот е должен покрај урбаната опрема која служи за угостителски цели, на границата на терасата да се постави урбана опрема која јасно ќе ја означи границата на терасата (жардинерии за цвеќиња, монтажни павер елементи кои служат за ограничување и сл).

Г-1.1 За случаите од точка Б1.1 став 2, барателот е должен за секое продолжување до општина Валандово да доставува ново барање за поставување на убрана опрема.

Г-2 За урбаната опрема од точка Б-5, за несветлички рекламни паноа, не е потребна дополнителна документација. За светлечки рекламни паноа барателот кон барањето треба да приложи основен прокет фаза електрика изготвен согласно Законот за градење.

Г-3 За урбаната опрема од точка Б-6, за постојните рекламни паноа не е потребна дополнителна документација. За поставување на нови рекламни паноа барателот кон барањето треба да приложи основен прокет фаза архитектура и фаза статика, а за светлечки рекламни паноа и фаза електрика изготвен согласно Законот за градење.

Г-4 За урбаната опрема од точка Б-8, барателот е должен да достави барање за поставување на урбана опрема и приказ од планираната состојба на урбаната опрема.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово", а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/11 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/12 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр. 202/2024"), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 14 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четериесет и прва редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
**за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2025 година**

Со Програмата се опфатени активностите на општината во 2025 година на планот на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на системи за водоснабдување на населените места и изградбата на фекални канализации во истите.

**Канализација**

Согласно договорот на Општина Валандово и Министерството за животна средина и просторно планирање со средства во износ од 21.167.000,00 денари обезбедени од Влада на Република Северна Македонија се реализира проектот „Основен проект за дел од колектор за град Валандово, дел 1" во Општина Валандово.

Обезбедени се средства во износ од 3.500.000,00 денари за „Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли", преку конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година од Министерството за животна средина и просторно планирање и во тек е изработката на техничката документација.

Од Буџетот на Општина Валандово обезбедени се средства од 1.073.685,54 денари за реализирање на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води на териротијата на Општина Валандово.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на Пречестителна станица за отпадни води, за кој Општина Валандово претходно има изработено техничка документација со сите фази. Вкупната проектирана вреност на овој проект е 237.132.123,26 денари.

**Водовод**

Со одлука за распределба на средства донесена од Владата на Република Северна Македонија, а согласно договорот склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европстката Инвестициона Банка на Општина Валандово за проектот „Изградба на водоводен систем за с. Калково, Општина Валандово", фаза III (изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарна мрежа доделени се средства во изност од 593.371 евра во денарска противредност според средниот курс од НБРСМ. Обезбедените средства ќе се спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од буџетот на Општина Валандово ќе се промени дел од водоводната линија на улица Маршал Тито во Валандово.

Се изработува техничка документација за потисен цевковод од пумпна станица Чалакли – Татарли до град Валандово. Доколку се обезбедат финансиски средства ќе се отпочне со изградба на истиот.

Ќе се изгради нова водоводна линија од пумпна станица Чалакли – Татарли до село Чалакли.

За намалување на загубите со вода доколку се обезбедат финансиски средства ќе се направи замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување со Општина Валандово. Вкупната вредност на проектот е 47.644.506,00 денари

Свои инвестициони активности на планот на одржувањето и надградбата на водоснабдителните и канализационите системи во општината со кои управува ЈП Комунален сервис Валандово, ќе има и јавното претпријатие преку реализација на Програмата за работа и развој на претпријатието за 2025 година.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово"

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/12 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе

на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/13
27.12.2024 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Врз основа за член 14 став 4 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/12, 187/13, 39/14, 42/14, 166/147, 44/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21), со член 22 став 1 точка 4 и член 62 во врска од Законот за локалната самоуправа патишта ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр. 202/2024), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 12 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и прва редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се утврдува обемот на работа, средствата за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година, нивниот распоред и начинот на користење.

**Член 2**

Изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта и улици, Општина Валандово во 2025 година ја планира на следниот начин и со следните средства:

**<u>ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ</u>**

1. 720.193,93 евра во денарска противредност (по Проект за изградба на локални улици и патишта на Министерството за транспорт), со намена:

- Изградба на ул. „Моша Пијаде" во с.Јосифово – со дополна на основниот проект за изградба на улица Јосифово-Калково за бетонирање на канал за прифаќање на атмосферските води од локалниот пат Јосифово - Калково;
- Изградба на улица Новопроектирана 1 во Валандово (од населбата „Мечкин даб" до новите градски гробишта и крак со поврзување во Регионален пат Р 1105);

2. 10.010.227,00 денари Министерство за транспорт, со намена:

– Изградба на новопланирана улица во комплекс со намена Г2, Г3, Г4 КО Јосифово;

3. - 2.850.000,00 денари (од Агенција за државни патишта),

- 7.600.000,00 денари (средства од Буџет на Општина Валандово),

со намена за изградба и реконструкција на:

- Улици во населените места во општината;
- Улици во градот Валандово.

**<u>ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ</u>**

- 600.000,00 денари за одржување на улици и патишта (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**<u>НАДЗОР НАД ГРАДБИТЕ</u>**

- 400.000,00 денари (средства од Буџетот на Општина Валандово).

**Член 3**

Доколку во постапката за јаван набавка, за реализација на планираните изградби, се постигне пониска цена од висината на планираните средства со оваа програма и доколку во текот на годината се обезбедат дополнителни средства за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово, соодветно ќе се изврши дополнување на оваа програма.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово"

Бр.08-161/13
23.12.2024 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/14
27.12.2024 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/2008, 64/2009, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и („Службен весник на РСМ“ бр. 122/21), член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.Весник на РСМ бр.202/2024) и член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 15 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и прва редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2025 година**

1. **Вовед**

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивното финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- густината на населеноста;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- степенот на нечистотија;
- степенот на пречки (паркирани возила, диви продавачи и др.);
- инфраструктурните сообраќајни услови;
- делувањето на градежните оперативи, кои со своите возила се јавуваат како едни од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување.

Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

2. **Вид, обем, динамика и начин на извршување на работите**

Одржување на јавната чистота ќе се состои од:

- Метење и миење на улиците и булеварот како и метење на сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота.

3. **Поставување садови за отпад и обезбедување на јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини и отворени простори пред јавни објекти, онаму каде што нема, ќе се постават соодветни садови за фрлање на отпадоци и ќе се обезбедат јавни санитарни јазли.

4. **Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите ќе се одредуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Исчистените диви депонии се потврдуваат со доставување на месечен преглед од страна на Јавното комунално претпријатие, а на кој одобрување дава Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

5. **Начин на финансирање**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Валандово ќе се обезбедат од основниот Буџет на Општина Валандово за 2025 година.

6. **Извршител на програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

ЈП „Комунален сервис“ Валандово изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

7. **Надзор над извршувањето на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за инспекциски надзор на Општина Валандово.

8. **Завршни одредби**

Програмата за одржување на јавна чистота на Општина Валандово за 2025 година влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-161/14
23.12.2024 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/15 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ" бр.149/14, 149/15 и 53/16), член 22 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 15 став 1 точка 9, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за контрола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година**

## 1. ВОВЕД

Програмата за контрола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година, е во функција на решавање на проблемот со бездомните животни - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, и е во согласност со членовите 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ" бр.149/14;149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

Решавањето на проблемот со зголеменото присуство на бездомните животни на јавни површини, е континуиран процес преку кој Општина Валандово на хуман начин, со третирање на овие животни, т.е. нивна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, ќе ја контролира нивната популација.

Поточно Програмата подразбира заловување и стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија.

По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата сите животни се обележуваат (ушна маркичка или чип), се фотографират и регистрират и се враќат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуват да живеат. На тој начин бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

## 2. ЦЕЛИ

Главна цел на Општина Валандово, како носител на оваа Програма и релевантен субјект во процесот на решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, е контрола над популацијата на бездомните кучиња, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот, со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се спречи создавање/прилив/ на нови кучиња на улица преку:

1) спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај –врати" на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица и

2) друг вид на мерки во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашните миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање).

Контролата на популацијата на бездомните кучиња, првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Со тоа се превенираат несакани раѓања, се одбегнуваат непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата и се избегнува нехуманото усмртување.

Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните и опаѓаат случаите на каснувања.

Вакцинираните кучиња се прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави, а со тоа се воспоставува контрола на теренот и се исклучува можноста за појава на беснило.

Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат.

Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни издатоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Напореден и битен сегмент за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чиповање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопственици).

## 3. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во 2024 година Општина Валандово спроведе проценка на популацијата на кучиањата во рамките на општината согласно Законот и подзаконските акти од областа на благосостојбата на животните, Според ова броење и мапирање на кучињата се заклули дека во Општина Валандово има околу 60 улични кучиња. Процентот на веќе третирани кучиња е околу 50%. Приоритет и таргет на стерилизација се редпродуктивно способните женки. Престојот на кучињата е планиран во прифатилиште во кое ќе подлежат на хуман третман не подолг од 30 дена. Заловувањето на кучиња ќе биде на територијата на Општина Валандово. Примарно ќе се таргетираат места со поголем ризик кои ќе имаат приоритет во делувањето (паркови, болница, шеталиште, училишта, градинки)

Активностите за хумано третирање на бездомни животни што се предвидуваат со оваа Програма, подразбираат:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационарот;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болести во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија (стерилизација кај женските кучиња) и орхиектомија (кастрација кај машките кучиња);
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;
- тест за социјализација
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината, доколку не се вдомат.

## 4. ЕВАЛУАЦИЈА И МОНИТОРИНГ НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА

Општина Валандово во 2024 година спроведе евалуација и мониторинг на бројот на бездомните кучиња каде заклучи дека на ниво на општина има околу 45 % затекнати кучиња на улица без присуство на сопственик но се со околувратник, што претставува процентуален примерок на потврдено сопственички кучиња кои талкаат по улиците, 40% од кучињата веќе се третирани и 10% бездомни кучиња за кои имало потешкотии да се определи полот. Сите податоци ќе се внесуваат и редовно ќе се ажурираат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство и за заловените кучиња и за вдомените кучиња,

Генерално сите кучиња биле визуелно во добра здравствена состојба.

Мониторингот на периодично ниво во текот на 2025 година ќе ги содржи следните елементи:

- Број на кучиња на улица
- Број на вратени бездомни кучиња во одреден регион од општината
- Карактеристиката на таа популација на кучиња (раса, пол, година на третман, физички и здравствени карактеристики)

## 5. ЗАЛОВУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата процедура која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот во процесот на заловувањето, може да даде позитивна слика за целата активност или да предизвика несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, персоналот треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата.

Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни треба да бидат опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, средство за привремено успивање, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Приоритет за заловување ќе биде ставен на женските единки и пријавите за кучиња кои пројавиле агресија.

Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните.

## 6. СТАЦИОНАР И МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАН

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, каде се подлага на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити.

Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума.

Стационарот е објект од тврда градба, опремен со соодветни простории за медицински третман, како и кафези - боксови за сместување на животните.

Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехементизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

## 7. СТЕРИЛИЗАЦИЈА И КАСТРАЦИЈА (ОВАРИОХИСТЕРЕКТОМИЈА И ОРХИЕКТОМИЈА)

Стерилизацијата е најефикасната мерка со која се спречува неконтролираното размножување и се влијае на намалувањето на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулацијата на бројката на популацијата. Со неа се воспоставува контрола на репродукцијата, така што во догледно време целосно би се решил проблемот на напуштени кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничкото одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

## 8. ПОСВОЈУВАЊЕ И ВДОМУВАЊЕ

Посвојувањето и вдомувањето е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани и стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба редовно да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и со заинтересираните граѓани.

Задолжително е и редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменските отворени веб портали, со цел да се олесни и поттикне процесот на вдомување миленик.

## 9. ЕВТАНАЗИЈА

Еутаназија може да се спроведе само и исклучиво на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда, кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка. Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма еутаназијата смее да се изведе само како последна опција, во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случаи кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутаназирани животни. Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законски пропишаните начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 10. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на оваа Програма ќе се врши со средства од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, Програма Ј8 – други комунални услуги, ветеринарни услуги за кои се предвидени средства во износ од 250.000,00 денари.

Цените за заловување на животни скитници, за нивен престој во стационарот, како и за ветеринарниот третман се дефинираат со ценовникот на најповолниот понудувач, избран во постапка за јавна набавка спроведена од страна на Општина Валандово.

Бидејќи се работи за континуирана активност, со предвидените средства се цени дека, зависно од видот на третманот, на годишно ниво ќе бидат заловени и опслужени 15 до 25 бездомни кучиња.

### 11. ИЗВРШИТЕЛ

Извршител на активностите од оваа Програма е правно лице, избрано како најповолен понудувач во постапка за јавна набавка,прифатилиште за бездомни кучиња кое ќе биде одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство, врз основа на склучен договор со општината.

### 12. НАДЗОР

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Здруженијата за заштита на животните.

Инспекциски надзор врши Одделението за инспекциски надозор на Општина Валандово.

### 13. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Една од целите на оваа Програма е и едукација и информирање на јавноста, како важен сегмент во справувањето со неконтролираната популација на бездомните кучиња. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е спроведување на едукативни кампањи, насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат саканите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) и сите релевантни чинители (училиштата, медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следното:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизират, вакцинират, да ги идентификуват и да ги регистрират своите миленици;
- Да се поттикнат и промовират најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;
- Да се едуцират граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни;
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

### 14. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/15 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Програмата за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/16 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 24 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.202/2024), член 15 став 1 точка 5, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово, на четириесет и првата редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

**за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2025 година**

**1. Вовед**

Со Програмата за активностите од областа на културата за 2025 година, се предвидува поддржување на манифестации од областа на културата кои претставуваат традиционални вредности и белег на Општина Валандово, како и поддршка на проекти од областа на културата на институции, здруженија на граѓани, организации и поединци од подрачјето на Општина Валандово.

**2. Цели**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Валандово кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Валандово;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Валандово;
- Создавање услови за квалитетно културно жиеење во општината;
- Промовирање и поддржување на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Валандово како културен центар;
- Презентирање и афирмирање на творци, интерпретатори и институции од областа на културата во земјава и странство;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.

**3. Активности**

Активностите на Општина Валандово во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа програма.

Во таа смисла ќе се спроведуваат активности за:

- Одржување на континуитетот на традиционалните културно - уметнички манифестации со потврдени квалитети и интерес на граѓаните;

- Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат културниот живот на општината;

- Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички и забавно-едукативни содржини;

- Претставување на општината во Република Северна Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;

- Поддржување на откривањето и презентирањето на нови сознанија за материјалното и духовното наследство за Општина Валандово;

- Одвивање на културно-уметнички и забавни приредби на подрачјето на Општина Валандово;

- Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во Општина Валандово;

- Унапредување на меѓународната - културна комуникација врз реципрочна основа со други градови од земјата и странство

- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

| Ред.бр. | Назив на активност |
|---|---|
| 1. | Фестивал на новосоздадена народна песна Фолк Фест – Валандово |
| 2. | Меѓународен фестивал на Пролетни веселби Хит Бах Шен Фест - Чалакли |
| 3. | Меѓународна ликовна колонија |
| 4. | Валандовска ракијада |
| 5. | Годишен концерт на КУД Гоце Делчев |
| 6. | Годишен концерт на Распеани Валандовчани |
| 7. | Петровденски средби |
| 8. | КУД Младост |
| 9. | КУД Бахар |
| 10. | 6-ти Ноември – ден на ослободување на Валандово се одбележува со Програма од неколку денови со повеќе културно уметнички и спортски активности кои се одвиваат на повеќе локации низ Валандово. |
| 11. | Предновогодишни културни манифестации |
| 12. | Традиционална „Божиќна ноќ“ |
| 13. | Ден на лозарите Св. Трифун – организирање на традиционално зарежување на лозја и културни уметнички активности. |
| 14. | Обележување на патрон празник во населените места со културни активности |
| 15. | Поддршка на други настани |

**4. Финасирање**

Активностите на Општина Валандово од областа на културата, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации. При реализацијата на оваа програма,

Општина Валандово ќе ги поддржува организаторите на манифестации и реализаторите на проекти при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

- Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (преку надлежните министерства);
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство; и
- Други извори.

**4.1. Капитални инвестиции**

Општина Валандово во 2025 година планира инвестиции за енергетска ефикасност во областа на кулурата во рамки на кои се планира инсталирање на нов систем за греење во Дом на културата 25 Мај Валандово. Средствата ќе се обезбедат од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП).

Започнатата реконструкција на Кино салата во Домот на културата 25 Мај, Валандово во 2023 и 2024 година, продолжува и во текот на 2025 година со сите градежни активности.

**5. Завршни одредби**

Градоначалникот на Општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/16 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/17 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 24 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 15 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и првата редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Валандово**
**во областа на социјалната заштита за 2025 година**

**1. ВОВЕД**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес кој се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните за спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебно на зајакнување на капацитетите за водење на самостоен живот.

Согласно Законот за социјална заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно потребите на најзагрозените граѓани со цел:

- Одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- Спречување на социјалната исклученост;
- Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и унапредување на социјалната заштита;
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани, кои имаат потреба од помош за да се надмине состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на поединецот или семејството.

Програмата за социјална заштита се заснова на Законот за социјална заштита, како и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната заштита, но и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општина Валандово, со кои се уредени правата од областа на социјалната заштита.

## 2. ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Целта за остварување на паричната помош и обезбедувањето на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е Општина Валандово да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начин загрозените лица, жители на општината, кои имаат потреба од социјална заштита и помош, а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2024 год и е во согласност со надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита.

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Валандово во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Обезбедување активен однос на Општина Валандово кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и заштита на децата;
- Создавање на поквалитетни услови за децата од предучилишна возраст за престој во градинки;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со пречки во развојот.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба.

Програмата за социјална заштита за 2025 година во принцип е родово сензитивна затоа што буџетската алокација на средства е во дирекна корелација со најранливите категории на граѓани во заедницата и нивните потреби и приоритети.

## 3. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа :

- Обезбедување на можности за социјална заштита и заштита на деца на сите жители на Општина Валандово;
- Обезбедување услови во детските градинки за реализирање на нивните цели, задачи и планирани програмски содржини;
- Создавање услови за згрижување на деца со попреченост, семејно запуштени деца и деца од улица;
- Обезбедување превоз на лица со попреченост, кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби Валандово;
- Помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба;
- Еднократна парична помош на семејства за новородено дете;
- Создавање услови за поповолен социјален живот за стари лица;
- Создавање услови за формирање сервис за дотур на храна и лекови и грижа на стари и изнемоштени лица;
- Помош за семејства погодени од несреќи и елементарни непогоди;
- Промовирање на родовата рамноправност;
- Помош на лица изложени на социјален ризик и социјално загрозени семејства;
- Помош на деца од еднородителско семејство;
- Помош на деца без родители и родителска грижа;
- Помош за самохрани родители;
- Помош на лица – жртви на семејно насилство;
- Помош на лица со попреченост;
- Обезбедување услови, можности, едукација, како и инфраструктурни инвестиции за лица со попреченост на територијата на општина Валандово.

Освен со помош од финансиски и материјални средства обезбедени во Буџетот на општината кои ќе се доделуваат на категориите на лица согласно оваа програма, општината ќе превземе и други активности, кои најсоодветно ќе одговораат на потребите на граѓаните на општината. Како дел од тие активности се сметаат следните :

- креирање на проекти со приоритетно идентификување на лица за социјална заштита и заштита на деца;

- организирање на хуманитарни акции за помош на социјално загрозените лица (собирање на облека, храна, покуќнина и сл.);

- посета на болни и изнемоштени лица;

- соработка со Центарот за социјални работи и со училиштата во општината, а со цел идентификување на децата со социјални проблеми и обезбедување на соодветен третман на истите.

**5. ТРАНСФЕРИ ДО НВО**

Трансферите до НВО за реализација на проекти ќе се остварува преку идентификација, поддршка и соработка во реализацијата на иницијативи и предлози на проекти од интерес на Општина Валандово, како и програмски активности поднесени од страна на здруженија на граѓани и фондации.

Реализацијата на средствата ќе се врши преку јавен повик за користење на средства од Буџетот на Општина Валандово, наменети за финансирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија на граѓани, како и преку потпишување на посебни договори и/или меморандуми за соработка.

**6. ТРАНСФЕРИ ДО ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

Трансферите до физички лица ќе ги реализира Градоначалникот на Општина Валандово согласно оваа Програма, а по претходно поднесено барање од лицата или од нивните старатели, поткрепено со соодветна документација. Барањата и документацијата ќе ги разгледува Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово и за истите ќе доставува предлог до Градоначалникот.

Во случај на итни и неодложени барања, Градоначалникот ќе донесе решение за доделување на средства за социјална помош за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови.

**7. ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата потребни за реализација на Програмата за социјална заштита за 2025 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово, средства добиени преку аплицирање од Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, средства добиени од УНДП, грантови добиени од организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка од земјата и странство.

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма кои ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година се:

| Ред.бр. | Назив на активност |
|---|---|
| 1. | Проект бесплатни детски градинки |
| 2. | Поддршка на стари и изнемоштени лица - Проект „Се грижиме“ |
| 3. | Поддршка на социјално загрозени семејства |
| 4. | Поддршка на самохрани родители и еднородителски семејства |
| 5. | Поддршка на лица со попреченост |
| 6. | Поддршка на дневниот центар за лица со посебни потреби |
| 7. | Поддршка на семејства со новородено дете |
| 8. | „Зајакнување - Вклучување на лицата со попреченост, регионална соработка и развој во Западен Балкан“ |

**8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Валандово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и активности.

Општината со посебна Одлука ќе ја утврди висината на средствата и ќе го уреди начинот на користењето на паричните надоместоци кои ќе ги остваруваат граѓаните согласно оваа Програма, а кои претходно не се уредени со некој акт.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Валандово, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/17 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за млади на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за млади на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/18 Градоначалник

27.12.2024 год. на Општина
Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020), член 22 став 1 точка 13, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 43-е од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и првата редовна седница одржана на 23.12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за млади на Општина Валандово за 2025 година**

1. Вовед

Младите се иницијатори и носители на позитивните промени, како во државата, така и на локално ниво во општина Валандово. Тие се извор на идеи и иновации, потенцијал кој треба да се искористи и насочи кон социјален и економски развој на општината. Со градење на квалитетно партнерство помеѓу институциите и младите на локално ниво, ќе се обезбеди инклузивност, праведност и социјална интегрираност во носењето на идните политики за млади во општина Валандово.

Според Законот за младинско учество и младински политики терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години, а терминот „младинско учество“ претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младити на национално или локални ниво.

Годишната програма е во насока на остварување на одредени тематски области дефинирани во Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија 2023-2027, а прилагодени на локално ниво за општина Валандово.

Тематски области:

- Младинско учество
- Младинско информирање
- Младинска работа
- Образование
- Култура
- Здравје
- Претприемништво и поддршка пред вработување
- Безбедност (насилство)
- Спорт

2. Тематски области

- **Младинско учество** треба да претставува клучен механизам кој ќе води до подобрување на квалитетот на живот на младите во општина Валандово. Ефективното учество на младите е право, но и можност на младите жени и мажи да бидат вклучени во креирањето, носењето и реализацијата на политиките кои се од интерес на младите.
- **Младинско информирање** подразбира систем од активности преку кои се се пренесуваат информациите до младите. Во овој систем треба да се обезбеди пристап до информации кои се поврзани со младите, а се обезбедени од институции на централно или локално ниво, од НВО секторот или други неформални извори. Креативноста на младите треба да биде во преден план и на иновативен начин да се прилагоди системот на информирање преку дигитални алатки и социјални мрежи.
- **Младинска работа** претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на развојот на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во заедницата.
- **Образованието** е фундаментално човеково право и е еден од најважните процеси кои ги креираат карактерот и личноста на младиот човек. Поддршката која институциите треба да ја овозможат за младите е да биде насочена кон унапредување на вештините на младите, поттик за понатамошни успеси во одредена област и мотив да пробаат нешто ново и различно.
- **Културата** е фактор кој го поттикнува цивилизацискиот и социјален развој, ја зголемува општествената кохезија и ја профилира сликата на една општина. Затоа, пристапот и учеството на младите во културата е од клучно значење, заедно со нивната способност за креативно размислување и образование преку уметност и културни практики.
- **Здравје** според ЗСО е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест и немоќ. Модерното живеење предизвикува низа на потешкотии за младите луѓе, од кои дел се поврзани со менталното здравје,

зависностите од супстанции и одржувањето на здрави животни навики.

- **Претприемништво и поддршка пред вработување** е процес на започнување и управување со нов деловен потфат со цел да се создаде вредност и да се направи профит, а подготовка за млади пред вработување е збир на активности и обуки со цел младите да се здобијат со вештини, знаења и искуства неопходни за вработување.
- **Безбедност (насилство)** на младите и улогата на младите во создавање на безбедни околини е од исклучителна важност. Безбедноста е состојба која подразбира слобода од опасност и закани и е предуслов за развој во сите останати сфери бидејќи доколку е загрозена тоа го успорува или оневозможува развојот на поединецот, а со тоа и на општеството.
- **Спорт** претставува секоја форма на физичка активност на младите и повозрасните преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичка подготвеност и ментална благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Општина Валандово, и регионот околу нас, е расадник на таленти во повеќе спортови и затоа мора да го унапредуваме и помагаме развојот на спортовите и спортистите на секој можен начин.

3. Начин на финансирање

Според Законот за младинско учество и младински политики од буџетот на Општина Валандово треба да се издвојуваат средства од најмалку 0,1% на годишно ниво.

Средствата предвидени за реализација на оваа Програма се во висина од 2.000.000,00 денари, односно 2 % од основниот буџет на Општина Валандово.

Финансиските средства за реализација на Програмата за млади на Општина Валандово ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, со можност и за други дополнителни извори на финансии како што се проекти, локални и државни институции, правни и физички лица, невладини организации кои работат во областа на младите и други достапни фоднови, спонзорства и донации.

4. Извршител на програмата

Задолжен за следење и извршување на активностите предвидени во оваа Програма е Градоначалникот на Општина Валандово.

Предлози, идеи и иницијативи за извршување на Прггограмата може да достави и Локалниот младински совет на Општина Валанадово, НВО и други младински здружувања, институции кои работат во делокругот на младите и млади индивидуи во соработка со Општина Валандово.

Локалниот младински совет и службеникот за млади во Општина Валандово, на годишно ниво изготвуваат извештај за работата на ЛМС и реализацијата на предвидените активности од оваа Програма.

5. Завршни одредби

Програмата за млади на Општина Валандово за 2025 година влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово", а ќе се применува од 01.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/18 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за објавување на Програмата за спорт на Општина Валандово за 2025 година

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за спорт на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/19 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 24 став 1 точка 6, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 15 став 1 точка 6, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово, на четириесет и првата редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активности на Општина Валандово во областа на спортот во 2025 година**

**1. Вовед**

Со Програмата за активностите од областа на спортот во 2025 година, ќе се поддржат програми, проекти, активности и манифестации кои се во функција на подобрување на условите за спортување, натпреварување и рекреирање на граѓаните, како и подобрување на квалитетот на животот на младите луѓе од подрачјето на општина Валандово.

Преку поддршката на спортот Општина Валандово ќе создава услови за поквалитетно натпреварување на спортските клубови и поголема заинтересираност и масовност на младите за спортување.

Практикувањето на спортот особено кај младите се повеќе претставува природна потреба за нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети.

**2. Цели**

Основни цели на оваа Програма се:

- Остварување активен однос на Општина Валандово во организирањето, одвивањето и збогатувањето на спортскиот живот во општината, во согласност со потребите и интересите на граѓаните;
- Афирмирање на Општина Валандово;
- Унапредување на условите и можностите за остварување на спортските активности на децата и младината, спортистите и на спортско-рекреативните активности на граѓаните;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Промовирање на можностите на Општина Валандово да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат на тој план;
- Остварување и унапредување на меѓународната спортска соработка;
- Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку развој на училишниот спорт, подеднакво за момчиња и девојчиња, со поддршка на спортските активности на ученичките и учениците од основните општински училишта и средното училиште во Валандово;
- Развој и поддршка на програми, проекти и активности за младите на подрачјето на општина Валандово

- Развој и поддршка на програми, проекти и активности за меѓународна младинска и/или спортска соработка кои ќе ја афирмираат и промовираат општина Валандово;

**3. Активности**

Активностите во областа на спортот, Општина Валандово ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање на остварувањето на целите на оваа Програма.

Во таа насока ќе се спроведуваат активности за:

- Заживување, поддршка и сочувување на континуитет на спортските манифестации со традиција за кои постои интерес кај граѓаните и што се во интерес на развојот на спортот во општина Валандово;
- Учество и/или поддршка во организирањето натпревари од највисок ранг;
- Иницирање и реализирање посебни програми за создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите аматери, на учениците и младината на локално, национално и меѓународно ниво;
- Поддршка на програмски активности на спортски, планинарски, училишни и други клубови кои имаат активности на територијата на општина Валандово;
- Овозможување поинтензивна соработка на спортистите и нивните здруженија со спортисти од други градови од државата, како и збратимените градови на Валандово, заради унапредување на меѓусебната соработка;
- Поддршка на активности и програми кои преку спорт промовираат родова рамноправност, како и инклузивност на лица со попреченост и лица со посебни потреби, на територијата на општината;
- Поддршка при оргранизација на спортски игри кои вклучуваат поголем број учесници на територијата на општината;
- Учество и поддршка на активности и манифестации за меѓународна младинска соработка на територијата на општината, како и промоција на општина Валандово на национално и меѓународно ниво;
- Развој на програми и мерки за поддршка на талентирани спортисти и талентирани млади лица по остварување на значителен индивидуален успех на локално, национално или меѓународно ниво;
- Развој и имплементација на програми и мерки за поддршка на ранлива категорија на млади и маргинализирани групи на млади;

**4. Финасирање**

Активностите на Општина Валандово од областа на спортот и младите, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, спонзорства и донации. При реализацијата на оваа програма, Општина Валандово ќе ги поддржува организаторите на спортските манифестации и настаните за млади при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

- Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (преку надлежните министерства);
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство и
- Други извори.

4.1 Финансирање на капитални инвестиции од областа на спортот и младите

- Изградба и реконструкција на повеќенаменски игралишта и спортски објекти во Валандово и населените места.

5. Завршни одредби

Градоначалникот на Општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-161/19
23.12.2024 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/20 Градоначалник
27.12.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 44 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово, на четириесет и првата редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**на Општина Валандово за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2025 година**

I. Програмата за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината, има за цел да оддаде доследна почит кон делата и настаните што оставиле траен белег во македонската историја и имаат значење од интерес на земјата и општината Валандово.

II. Во текот на 2025 година ќе се одбележуваат следните значајни дати, настани и личности:

**4 Мај**

**121 години од смртта на великанот на македонското револуционерно движење – Гоце Делчев**

Носител: **СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**
ООУ „Ј.Б.Тито“ Валандово-ПОУ „Гоце Делчев“ Пирава

**6 Мај**

**Меѓународен фестивал Хид Бах Шен Фест - Хидерлез**

**Носител:** Организационен одбор на фестивалот

**Ѓурѓовден, патрон на Манастир „Св. Ѓорѓи“, патрон на населените места Пирава и Брајковци**

**9 Мај**

**Меѓународен ден од победата над фашизмот (79 години од завршувањето на Втората светска војна)**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување

**15 Мај**

**Св. Атанасиј – Патрон на Удово**

**Крајот на месец мај или почеток на месец јуни**

**„Фолк Фест“ Валандово**

**Носител:** Општина Валандово (Совет на фестивалот)

**12 Јули**

**Петровден - Патрон на град Валандово**

**2 Август**

**80 години од првото заседание на АСНОМ и 121 години од Илинденското востание**

**Носител:** Сојуз на борци

Комисија за спомен одбележување

**28 Август**

**Успение на Пресвета Богородица, патрон на Јосифово**

**8 Септември**

**Ден на независноста на Република Северна Македонија**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување

**11 Октомври**

**Ден на востанието на македонскиот народ**

**Носител:** Сојуз на борци

Комисија за спомен одбележување

**23 Октомври**

**Ден на македонската револуционерна борба**

**Носител:** Сојуз на борци

Комисија за спомен одбележување

**6 Ноември**

**Ден на ослободувањето на градот и општината**

**Носител:** Комисија за спомен одбележување

Сојуз на борци

**IV.** Покрај настаните од точка II, Општина Валандово во текот на годината ќе се вклучи и во одбележувањето на годишнини од раѓањето или смртта на личности кои се земени како патрони на различни општински институции, настани од историјата на македонскиот народ што ќе бидат одбележувани од други институции, невладини организации како и патрони празници на сите останати населени места на подрачјето на Општина Валандово.

**V.** Финансиски средства за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2025 година, во зависност од активностите што ќе бидат реализирани.

**VI.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-161/20 | Совет на Општина Валандово |
| 23.12.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/21 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 13 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**1. Вовед**

Со оваа Програма се уредува преземањето на активности за изградба, проширување и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Валандово за 2025 година.

**2. Одржување на јавното осветлување**

Согласно Одлуката за комунален ред во Општина Валандово и мерките за нејзино спроведување, Советот на Општина Валандово со оваа Програма го уредува одржувањето на јавното осветлување, кое опфаќа одржување на објектите и инсталациите во исправна состојба, чистење и замена на светлечките тела (сијалици и арматури), означување (нумерирање), чистење и боење на електричните столбови.

Со Програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2025 година, односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, нивното финансирање, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.

Финансирањето на јавното осветлување е уредено со Законот за комунални такси, според кој за користење и одржување на јавното осветлување е пропишано плаќање на комунална такса.

Наплатата на комуналната такса за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши ЕВН Македонија АД Скопје-КЕЦ-Гевгелија и ја уплаќа на сметка на Буџетот на Општина Валаново:

Програма Ј3 – Јавно осветлување во вкупен износ од 12.556.000 денари, од кои 10.000.000 денари од наплата на комунална такса за јавно осветлување и 2.556.000 од други приходи:

- за тековна потрошувачка на електрична енергија 4.000.000 денари
- за набавка на материјали за тековно одржување 1.200.000 денари
- за услуги за тековно одржување 1.000.000 денари
- за превземени обврски за електрична енергија по Спогодбра бр.13/39-18000/2024 во износ од 6.356.000 денари

Редовното одржување на јавното осветлување ќе се врши врз основа на поднесена пријава-барање од страна на граѓаните, Месни заедници како и по извршени редовни контроли како теренски увиди за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Со редовно одржување на јавното осветлување се опфаќа:

- замена на прегорени и скршени сијалици;
- замена на оштетени столбови;
- сервисирање на електрична инсталација (кабел, фитос, затега) ;
- замена на сите останати елементи на сијаличното место (автоматски осигурувачи, ножест осигурувач, фасонка и сл.);

Изградбата, проширувањето, реконструкцијата на мрежата на јавното осветлување, набавката на материјали за тековно одржување, редовното одржување на јавното осветлување, ќе го вршат овластени компании, избрани во постапка за јавна набавка.

Спроведувањето на Програмата ќе се врши преку одговорните лица во администрацијата на Општина Валандово, а ќе го следи Комисијата за јавно осветлување и за контрола на наменското трошење на средствата за јавно осветлување.

### 3. Изградба и реконструкција на јавното осветлување

Интервенции кои се планираат да бидат вршени на јавното осветлување во 2025 година, и поставување на осветлување согласно потпишените договори за реализација на проекти се дадени во следната табела:

| Населено место | Потег од - до сијалично место | Опис | Метален столб | СКС 2x16 мм/м | ЛЕД Светилка |
|---|---|---|---|---|---|
| Јосифово | Улица која го поврзува регионалниот пат со Горна Маала | Проширување на мрежата | 10 | 600 | 10 |
| Чалакли | Влез на Чалакли до последна куќа | Проширување на мрежата | 20 | 1550 | 20 |
| Дедели | Од регионален пат до школо | Проширување на мрежата | 15 | 900 | 15 |
| Јосифово | Место – Расадник Помеѓу Јосифово и Удово | Проширување на мрежата | 15 | 750 | 15 |
| Удово | Ул.Вардарска | Проширување на мрежата | 40 | 2150 | 40 |
| Калково | Од почеток на школото до крај на сокакот | Проширување на Мрежата | 5 | 350 | 5 |
| Марвинци | Потреба од нови арматури | Дополнување на осветлување со нова лед сијалица | 2 | 75 | 2 |
| Балинци | Потреба од нови арматури | Проширување на мрежата | 3 | 250 | 3 |
| Валандово | Ул. Бојмија | Проширување на мрежата | 3 | 300 | 3 |

Согласно со потребите мрежата на јавно осветлување ќе се надополни и во сите останати населени места каде се изградени и се градат нови улици, а кои досега не беа дел од мрежата на уличното осветлување.

### 4. Заштеда на енергија

Општина Валандово согласно Одлуката на Владата за намалувањето на потрошувачката на електрична енергија и нејзино спроведување во текот на 2025 година, и спроведените активности согласно планот за намалување на потрошувачката на електрична енергија, ќе продолжи со почитување на мерките за заштеда. Како корисник на слободниот пазар за набавка на електрична енергија, општината постојано ќе ја следи состојбата со цената на електричната енергија во текот на 2025 година и согласно со истата ќе бидат превземени потребни мерки, со цел постигнување на оптимално јавно осветлување, без да се наруши ликвидноста на буџетот на општината.

### 5. Новогодишно украсување

Во делот на Новогодишното украсување, Општината ќе спроведе јавна и транспарентна постапка. Во постапката ќе биде избран најповолен оператор, кој согласно тендерската документација ќе изврши монтирање на новогодишни украси и истите ќе ги пушти во функција во средината на месец декември 2025 година.

### 6. Завршни одредби

Градоначалникот на општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-161/21 — Совет на Општина Валандово
23.12.2024 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Програмата за активностите на општина Валандово во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за активностите на општина Валандово во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1397/22 | Градоначалник |
| 27.12.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-161/22
23.12. 201 24 год.
Валандово

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на општина ВАЛАНДОВО во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година



Валандово декември 2024

Оваа Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Валандово за 2025 година е изработена врз основа на **Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за унапредување на родова еднаквост на национално ниво .**

Приоритетните области, мерките и активностите како и одговорните институции и лица за спроведување на проектите и активностите од Програмата за еднакви можности и Акцискиот план за еднакви можности за 2025 се во согласност со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година на МТСП .

Основната цел на оваа Програма е да се подобри статутот на жените и да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминацијата.

Локалната заедница преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество за сите граѓани еднаков пристап кон општинските ресурси .

Општина Валандово како давател на услуги и застапник на интересите на граѓаните, има обврска да го артикулира прашањето на родовата рамноправност и да се стреми кон изградба на инклузивна заедница за жените и мажите, девојчињата и момчињата. Локалната заедница игра клучна улога во создавањето безбедни и здрави услови за заедниците на кои им служи. Комисијата за еднакви можности на мажите и жените, како постојано тело на Советот е одговорна и посветена на промоција и операционализација на прашањето за родовата рамноправност преку конкретни мерки и активности. Локалните власти можат да ги менуваат политиките, односно програмите и плановите со интегрирање на родово-сензитивни мерки, како и да се залагаат за партнерства и испорачување на услугите согласно потребите на заедницата, земајќи ги предвид специфичните потреби и можности на жените и мажите, девојчињата и момчињата.

Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.



Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е уставна категорија.

Локалниот акциски план за еднакви можности на Општина Валандово, тргнува од принципите на родовата еднаквост кои ги допираат генерално и човековите права гарантирани со Уставот.

Исто така како бенефит од Стратегијата и Програмата со нејзиниот оперативен иден план се очекува подобрување на механизмите за родова еднаквост на локално ниво како и ефикасно креирање на политики и родово одговорно буџетирање .

**Општина Валандово** преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество .

Локалната самоуправа, како интегрален дел на структурата на власта, според својата уставна поставеност е најблиска до граѓаните во контекст на донесувањето одлуки за нивните животни услови. На тој начин секоја единица на локална самоуправа ја има клучната улога во обезбедување социјални, економски и политички права за сите граѓани во заедницата.

Почитувајќи го принципот на еднакви можности, локалната заедница може да направи значајни промени и поместувања кои ќе доведат до подобра положба на жените во општината, при тоа правејќи анализи за родовата рамноправности детектирајќи ги слабостите, подобрувајќи го пристапот на жените и останатите маргинализирани групи граѓани до инфраструктурата, подобрувајќи го планирањето и употребата на земјиштето ,зголемувајќи го промовирањето на жените на раководните функции и добрите работни места, промовирајќи го спортот и рекреацијата кај женската популација, подобрувајќи го пристапот на жените и останатите социјално ранливи категории и маргинализирани групи до здравствените и социјалните услуги.



**Приоритетни области** во локалната заедница на кои треба да се насочат активностите и интензивира работата во 2025 година за воведување на родова рамноправност во усогласеност со Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост за 2012-2027 се:

1. <u>**Родово одговорно образование**</u>

Сметајќи дека образованието е најчесто проактивно во поглед на намалувањето на влијанието на женската стереотипизација која доаѓа и од домот, но и од останатито опкружување, внесување на теми и дискусии во училиштата уште од најрана возраст . За истите со помош на стручните служби целосно ќе се трудиме да бидат надминати и ќе се занимаваме со родовите разлики и нивното надминување како неопходност за идните планирани активности.

Во наредната година ќе продолжи подршката на општина Валандово на Женскиот фудбалски клуб "Победа" од Валандово кој успешно се справува со нееднаквоста во спортот посебно во фудбалот кој е нетипичен спорт за девојчиња. Од голема важност за ЖФК "Победа " е поддршката од Општина Валандово која несебично финансира проекти за подигање на свеста на граѓаните/граѓанките. Спортски настани од ваков тип се организираат редовно на територија на нашата општина и со гостување во други општини.

Најважната цел од овие натпревари е да ја подигне свеста кај децата уште од најмала возраст дека не постојат нееднаквости помеѓу жените и мажите односно девојчињата и момчињата.

Континуирано ќе се спроведуваат и едукативни предавања за намалување на меѓуврсничкото насилство т.н булинг во училиштата.

Промена на перцепцијата за родовиот идентитет е долготраен и макотрпен процес, но може да се промени само и единствено со промена на општествено поимање на идентитетите кое ќе овозможува и промовира нестереотипно, а тоа мора да започне од училишните клупи.



Во рамки на општинското стручното средно образование СОУ"Гоце Делчев" Валандово од моментот кога се воведе дуалното стручно образование редовно се презентираат трибини и работилници . На истите учество земаат покрај професорите и стручни соработници од најразлични профили и посебно се потенцира родовата еднаквост и неделивоста на стручните профили на строго "машки" и "женски" .Исто така како дел од активностите кои ги организира средното училиште е и спортски ден во кој еднакво земаат учество и девојчињата и момчињата .

Во Програмата за еднаквите можности исто така ќе се продолжи со понатамошна поддршка на стручното средно образование и на нивните веќе планирани активности. Исто така во ЦОУ Јосип Броз Тито Валандово и ОУ Страшо Пинџур Јосифово и нивните подрачни училишта континуирано се спроведуваат сите кампањи за родовобазирано , дигитално и сексуално насилство преку едукативни предавања и трибини кои ги спроведуваат стручни лица вработени во самите училишта во соработка со надворешни надлежни институции.

## 2. Спречување на родово базирано насилство;

Република Северна Македонија стана една од првите земји во регионот кои ја потпишаа Конвенцијата на Советот на Европа за борба и превенција на насилство врз жената и семејно насилство (Истанбулска конвенција, 2011) . Ова претставува значаен чекор, бидејќи конвенцијата е првиот меѓународен правно обврзувачки документ кој специфично го адресира насилството врз жената која преку Програмата за социјална заштита преку други механизми работи денонoќно и инвестира средства и човечки ресурси за борба против родово базирано насилство.

Под закрила на настаните 16 дена активизам за борба против родовобазирано насилство ќе се реализираат настани и активности за подигање на свеста и за охрабрување на жртвите на насилство истото соодветно да го пријават но исто така и се апелира до надлежните институции да превземат координирани и ефикасни мерки за нивна заштита .



Овие настани имаат за цел да создадат простор ,каде што жртвите ќе можат да се инспирираат и да се поддржуваат еден со друг , поттикнувајќи чувство на заедница и зајакнување . Ова е исто така платформа на жените кои доживеале дигитално родовобазирано насилство во која можат да ги споделат своите приказни .

3. Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот

Еднаквото учество на жените во процесите на одлучување во јавниот и политичкиот живот, е од витално значење за демократијата на секоја земја. Напорите на Република Северна Македонија во изминатите години за поголемо вклучување на жените покажуваат позитивни достигнувања, но сепак резултатите посочуваат дека се уште има простор да се работи на тоа прашање.

Така, забележан е позитивен тренд онаму каде законодавецот предвидел конкретни мерки. Жените од урбаните средини учествуваат во поголем процент во покренувањето на локалните иницијативи и во нивното спроведување, исто така и нивната застапеност во органите и телата на одлучување е многу поголема за разлика од жените од руралните средини. За жал во руралните средини се уште постои стереотипното гледање на улогата на жената во општеството. Од страна на сите општини се истакнува како позитивно постоењето на афирмативните мерки за учество на жената во Советите на локалните самоуправи. Но, сите сметаат дека ова афирмативна мерка треба да се промени, односно да се зголеми процентот на учество на жената преку нова мерка, а исто така се потенцира и потребата оваа мерка да се прошири на останатите тела и органи на одлучување на локално ниво, а не да биде само за учество на жените на кандидатските листи за избор на советници во локалните самоуправи. Општините сметаат исто така дека е неопходно да се преземаат повеќе мерки за намалување на невработеноста кај жените со цел намалување на економската зависност на жените од мажите бидејќи економски зависната жена не може да биде вклучена во политичкиот и јавниот живот.



Да се свикуваат состаноци на Акциониот план на координативното тело за родова еднаквост. Потребно е да се разгледуваат сите предлози кои се доставуваат до Совет на општина Валандово со цел да се стави акцент на предлозите за зголемено учество на жени на јавни и одлучувачки позиции . Потребно е и во идина по можност и по иницијатива на Координаторот на комисијата за еднакви можности да се свикува состанок со членовите од комисијата со цел да ја вметнуваат родовата компонента во програмите и документите кои се во надлежност на секторите и одделенијата во кои работат.

Исто така се даваат Препораки за посеризен пристап кон планираните теми за понатамошна реализација покрај на планираните активности исто така и на додавање на дополнителни актуелни теми низ тековната година .

Водење и прибирање на родово одговорна статистика.. Овие податоци ќе бидат вметнати во табели и ја рефлектираат разликата на нееднаквостите помеѓу мажите и жените во различни сфери на животот. Ваквата статистика е од големо значење при креирање на локалните политики и програми со интегриран родов аспект. Од досега постигнатото по ова прашање ќе истакнеме дека составот на Советот на Општина Валандово брои 15 члена , Претседателот на Совет е маж а советниците се 7 жени и 7 мажи и овде е постигната родова еднаквост.
Структурата и составот на членовите во Управни и Надзорни одбори е исто така видно променета во корист на помалку застапениот пол низ годините а тоа се жените

**4. Подобрување на економската состојба на жените во општина Валандово и нивно економско засилување**

Во рамки на оваа област ќе напомнеме дека Општина Валандово ја продолжува мерката Бесплатни детски градинки за сите жители на територијата и за 2025 год .

Ослободување од плаќање на надоместок за престој во ЈОУДГ "Калинка" Валандово и сите подрачни градинки како што е ЈОУДГ" Детелинка" Јосифово за сите жители бидејќи до донесувањето на оваа мерка од страна на општина Валандово право на партиципација во јавна установа за деца имаа самохрани родители кои земаат плата пониска од просечната месечно исплатена нето плата на ниво на Република Северна Македонија или невработени лица кои живеат на територија на општина Валандово.



Но со донесувањето на оваа мерка значително се зголеми бројот на деца во градинките на територијата на општина Валандово и ова мора да го означиме како идеална мерка од родово базиран карактер бидејќи со самото тоа значително е зголемен и во иднина ќе се зголемува бројот на жени (мајки) кои навреме без големи отсуства ќе се враќаат повторно на своето работно место или воопштено на пазарот на трудот.

Продолжуваме и со другите мерки кои успешно се спроведуваат и досега како еднократна помош за новороденче , за прваче и за лица со попреченост .

Реализација на обуки за подобрување на пристапот на пазарот на труд и зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот –подобрување на пристапот и зголемување на конкурентноста на жените на пазарот на труд преку подобрување на нивните вештини за вработување и самовработување. Постојани обуки се организираат под менторство на АВРМ за компјутерски вештини , полагање на возачки испит за најчесто бараните категории со што можност да се усовршуваат добиваат сите категории на граѓани со акцент на најранливите категории.

Продолжува исто така и ангажманот на лични образовни асистенти со тенденција оваа бројка да расте доколку за тоа се укаже потреба во редовниот образовен процес во основните училишта во општина Валандово. Анализите покажуваат дека мајките се тие кои се најчесто поголем дел од денот ангажирани со децата со попреченост па затоа преку личните асистенти за ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес токму мајките имаат слободно време за извршување на свои секојдневни потреби како и за вработување, а со тоа и нивно економско јакнење.

Исто така продолжува и понатаму соработката со сите досегашни соработници од областа на НО и Граѓански здруженија со кои досега општина Валандово соработуваше . Ќе се стремиме кон потпишување на нови декларации и меморандуми за соработка со сите фактори кои се релевантни во насока на унапредување на родовата еднаквост и рамноправноста меѓу мажите и жените . Исто така од големо значење од сето ова понатаму ќе биде економското зајакнување и вреднување на жените за кое континуирано со годините се бориме.



Во текот на 2025 година во Општина Валандово се планира да се реализираат следните активности поврзани со стратешките приоритети од доменот на еднаквите можности:

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ЗА 2025**

| С.П. 1 Родово одговорно образование<br><br>Цел: Родово одговорно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **1. Промоција на механизми за препознавање, заштита и справување со меѓуврсничко насилство во училишта** | Организиран настан за промоција на Протокол за справување со меѓуврсничко насилство<br><br>Педагог, правник, психолог, модератор - трибина | Подигање на свеста за препознавање, заштита и справување со меѓуврсничко насилство | 2025 | **40.000,00** | Директори на училишта , стручни служби КЕМ<br><br>Координаторка за КЕМ<br><br>НВО |
| **2. Промоција на девојки во нетипични спортови во училиштата** | - организирање на фудбалски натпревари со девојки од 2-5 одделение во 8 основни училишта | - реализирани фудбалски натпревари со девојчиња<br>- број на девојчиња вклучени во натпреварите | 2025 | **30.000,00** | Наставници по спорт , тренери<br><br>Координатор за ЕМ<br><br>ЖФК Победа Валандово |
| **Вкупно С.П. 1** | | | | **70.000,00** | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .



С.П. 2 Спречување на родово базирано насилство

ЦЕЛ: Борба против родово базирано насилство, заштита и поддршка на жртвите

| Мерка | Активност | Индикатор | Временска рамка | Буџет (МКД) | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одбележување на 16 дена активизам против родово насилство** | **Организирање на настани за подигање на јавната свест на граѓаните** | | Декември 2025 | **30.000,00** | Општина Валандово<br><br>Координатор за еднакви можности, КЕМ и НВО |
| **Инклузија на лица со попреченост преку воведување на програми за едукација во образовниот процес и истовремено организирање на повеќе трибини за подобрување на условите и пристапот кон лицата со попречености.** | **Ангажирање на лични и образовни асистенти во основните и средните училишта во Општина валандово** | **Број на ангажирани асистенти/асистентки**<br><br>**Број на корисници/корисничкки** | 2025 | **40.000,00** | Општина Валандово<br><br>Одделение за ЛЕР |
| **Вкупно СП 2** | | | | **70.000,00 ден** | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .

| С.П. 3 Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот<br><br>ЦЕЛ: Зголемено учество на жените на одлучувачки позиции во општина Валандово | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| | | | | | |
| **1. Анализи и работилници за жени за рано вклучување во пазарот на трудот** | | - Број на згрижени деца во градинката<br>- бр на родители кои ќе се вклучат во пазар на труд | 2025 | Не се потребни фин средства освен за печатење и копирање **20.000,00** | Општина Валандово, Министерство труд и социјална политика – АВРМ |
| **2.Обука за родова интеграција на советници и жени на одлучувачки позиции на Општина Валандово** | - Организирање на повеќе работилници | Број на обуки<br>Број на обучени лица<br>Подигање на свеста на советниците за воведување родова перспектива | 2025 | **40.000,00** | КЕМ Совет на Општина Валандово |
| **ЦЕЛ: Афирмација на културата од родов аспект** | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (** | |
| **Организирање на трибини за значењето на Празникот на жената** | -трибина и ликовна и поетска колонија | - организирана и реализирана Ликовна изложба од дела по објавен конкурс- | 2025 | **20.000,00** Трошоци за печатење | КЕМ<br>Дом на култура |
| **ЦЕЛ: Воведување на родова компонента во процесот на буџетирање** | | | | | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .



| СП.4 Подобрување на економската состојба на жените<br><br>ЦЕЛ: Подобрување на економската состојба на жените во општина Валандово | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерка** | **Активност** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет (МКД)** | **Одговорно лице** |
| **1. Промоција на успешни жени како модел/пример за добри практики** | - Промоција на видео спотови за успешни жени интернационално -јавна дебата за женско претприемништво во Општина Валандово | **-Број на учесници на јавната дебата** | Февруари - Март 2025 | **30.000,00** денари | КЕМ, координатор за еднакви можности, Un Women |
| **2.Подигање на свеста на руралната жена** | Одбележување на 15 Октомври – Меѓународен ден на руралната жена (дебата) | Број на жени присутни Број на жени говорнички | Октомври 2025 | **30.000,00** | КЕМ |
| **4.Олеснат пристап на жените до пазар на трудот (промотивни мерки за активни мерки за вработување)** | Отворени денови Промоција Едукација | Зголемено учество на жените на пазарот на трудот | 2025 | **20.000,00** | КЕМ АВРМ |
| **Вкупно С.П.4** | | | | **80.000,00 денари** | |

* Заб. Износите се однесуваат на делот за печатење промотивни материјали и закуп на простор додека основната парична помош е различна ставка во буџетот на општината и зависи од потребите и доставените барања .

Доколку во тек на реализирањето на активностите се покаже дека некоја активност заради актуелност добила акцент ќе се спроведе вон планираните назначени активности но финансиската импликација ќе се движи во планираните буџетски рамки .

Вкупно планирани средства за 4 те СП во акцискиот план од ПРОГРАМАТА за Еднакви Можности ........................................................................................................300.000,00 ден

Вкупно финансиски средства во програма за еднакви можности за 2025год.................300.000,00



За реализација на целите на Програмата за еднакви можности и спроведувањето на Оперативниот план општина Валандово ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси .Ќе соработува со сите чинители ( организации , институции и поединци ) и засегнати страни за унапредување на родовата еднаквост и рамноправност на локално ниво , вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите .

Во контекст на дефинираните цели активностите најмногу ќе се насочуваат кон едукација и обука на населението и сите чинители во доменот на еднаквите можности .

## МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализацијата на активностите се:

- **Работни средби** Организирани за координација помеѓу КЕМ , Градоначалникот ( општинската администрација ) и другите партнери во реализацијата на активностите ( експерти од одредени области , НВО-и , целни групи на граѓани и др ) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите .

- **Дискусионо обучувачки методи** ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките , предавањата , советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките , предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи едукативни технологии, аудио визуелни и мултимедијални средства . Евалуативни прашалници пополнети од страна на учесниците во активностите .

- **Истражувачко аналитички методи** ќе се користат при анализа на постигање на целите . Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа , собирање , анализирање и систематизирање на информацијата ( интервјуа и анкети со целните групи )
- **Информативно промотивни методи** овој тип на методи ќе се користат при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките , предавањата , советувањата и други потреби согласно содржината на активностите .

**Правни методи** ќе се користат при спроведувањето на процедурите и законските одредби кои ќе произлезат од понатамошните активности

**Финансирањето** на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Валандово.

**Методите на работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите остануваат исти заради тоа што досега е констатирано дека дале позитивен фитбек кон локалната заедница и одлично се препознаени од засегнатите граѓани.**

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Валандово и координаторот и заменик координаторот за еднакви можности кои го изработија оваа Програма ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели .

До Советот на Општината , Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на жените и мажите ќе се доставуваат и Програмата и нејзиниот оперативен план и Годишниот извештај за имплементација на активностите и соодветната реализација на зададените цели .

**Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

**Заменик координатор:** Емилија Заева-Костова

**Претседател**: Мирјана Пеева

**Членови**: Петар Јанакиев, Ленче Вешковиќ, Надица Недиќ, Кирил Манчев, Данче Коцевска и Радмила Тушевска

Совет на општина Валандово
Претседател
Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за работа на Советот на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година.

Бр.09-1397/25
27.12.2024 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ.бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 21 став 1 точка 3 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и првата редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за работа на Советот на Општина Валандово за 2025 година**

**I. Општ дел**

Основа на Програмата за работа на Советот на Општина Валандово во 2025 година, се надлежностите на Советот, утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локалната самоуправа, другите закони со кои се уредуваат надлежностите на локалната самоуправа, како и Статутот на општината и Деловникот за работа на Советот на Општина Валандово.

Програмата дава основни насоки за работа на Советот, а дава простор и за нејзино дополнување со актуелни прашања од делокругот на неговите надлежности, предложени од овластени предлагачи.

**II.Посебен дел**

**<u>Јануари 2025 год.</u>**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2024 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис" Валандово;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

3. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис" Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

4. Извештај за реализацијатата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

5. Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2024 година;
Изготвува: Командир на ТППЕ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

6. Извештај за работата на Домот на културата „25-ти Мај" Валандово за 2024 година;
Изготвува: Дом на култура „25-ти Мај" Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

7. Програма за работа на Домот на културата „25-ти Мај" Валандово за 2025 година;
Изготвува: Дом на културата „25-ти Мај" Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

8. Извештај за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за јавно осветлување.

9. Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2024 година;
Изготвува: Командир на ПС од општа надлежност Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**<u>Февруари 2025 год.</u>**

1. Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, со завршна сметка; Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

3. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

4. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2025 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

**Март 2025 год.**

1. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Валандово во 2025 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

2.Завршни сметки на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2024 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

3.Завршни сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2024 година;
Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

4. Завршни сметки на ООУ „Страшо Пинџур” Валандово за 2024 година;
Изготвува: ООУ „ Страшо Пинџур” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

5. Завршни сметки на ЈОУДГ„Калинка” Валандово за 2024 година;
Изготвува: ЈОУДГ„Калинка” Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**Април 2025 год.**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**Мај 2025 год.**

1. Информација за состојбата со дивите депонии во Општина Валандово;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

2. Информација за комуналниот ред во Општина Валандово;
Изготвува: Одделение за инспекциски работи;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

**Јуни 2025 год.**

1. Информација за спроведените подготовки и преземените мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

2. Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**Август 2025 год.**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2026 година.
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

3. Полугодишен Извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;

Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

4. Годишен план за вработување на ЈП “Комунален Сервис” Валандово за 2026 година.
Изготвува: ЈП “Комунален Сервис” Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

5. Годишен Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2024/25 година; Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

6. Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2025/26 година; Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

7. Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2026 година;
Изготвува: ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

8. Годишен Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за учебната 2024/25 година; Изготвува: ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

9. Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово за учебната 2025/26 година;
Изготвува: ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

10. Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово за 2026 година;
Изготвува: ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

11. Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2026 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

12. Годишен Извештај за работата на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2024/25 година;
Изготвува: ЈОУ Детска градинка „Калинка“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

13. Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2025/26 година;
Изготвува: ЈОУ Детска градинка „Калинка“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

14. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2026 година;
Изготвува: ЈОУДГ „Калинка“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

15. Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2026 година;
Изготвува: ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

16. Информација за состојбата со јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Валандово во првите шест месеци од 2025 година;
Изготвува: Командир на ПС од општа надлежност;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**<u>Септември 2025 год.</u>**

1. Годишен Извештај за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/25 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев “ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

2. Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2025/26 година;
Изготвува: СОУ „Гоце Делчев “ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**<u>Октомври 2025 год.</u>**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2025 до 30.09.2025 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2025 до 30.09.2025 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

3. Програма за одбележување на „6-ти Ноември“;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

**<u>Ноември 2025 год.</u>**

1. Предлог-План на програмите за развој;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

2. Нацрт-Буџет на Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**<u>Декември 2025 год.</u>**

1. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2026 година;

Изготвува/предлага: Комисија за изготвување Програма за работа.

2. Предлог – Годишна Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2026 година;

Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина
и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

3. Предлог – Годишна Програма за уредување на градежното земјиште во Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина
и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

4. Предлог – Годишна Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина
и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

5. Предлог – Годишна Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина
и локален економски развој;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

6. Програма за работа на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2026 година;
Изготвува: ЈП „Комунален сервис" Валандово;
Предлага: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

7. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
Предлага: Комисија за јавно осветлување.

8. Програма за работа на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2026 година;
Изготвува: Командир на ТППЕ Валандово;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

9. Предлог - Програма за млади на Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Локален младински совет;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

10. Предлог-Програма за одбележување значајни настани, дати и личности во 2026 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за спомен одбележување.

11. Предлог – Програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина
и локален економски развој;
Предлага: Комисија за финасирање, буџет и локален економски развој.

12. Предлог – Програма за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2026 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

13. Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2026 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

14. Предлог – Програма за активности на Општина Валандово во областа на спортот и млади во 2026 година;
Изготвува: Одделение за правни работи, јавни дејности и човечки ресурси;
Предлага: Комисија за општествени дејности.

15. Финансиски план на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2026 година;
Изготвува: ЈОУДГ „Калинка" Валандово;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

16. Предлог-Буџет на Општина Валандово за 2026 година;
Изготвува: Одделение за финансиски прашања и јавни набавки;
Предлага: Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

**III. Нормативен дел**

По материјалите кои се предвидени со оваа програма да бидат предмет на расправа на седниците на Советот на Општина Валандово, претходно ќе расправат надлежните тела на Советот, согласно надлежностите утврдени со Статутот.

Советот по материјалите за кои расправа, во рамките на својот делокруг на работа, донесува Буџет, планови, програми, одлуки, решенија, заклучоци и дава мислење и утврдува насоки.

**IV. Завршен дел**

Советот на Општина Валандово ќе расправа и по прашања од рамките на својот делокруг на надлежности кои не се опфатени со Програмата за работа, а кои ќе произлезат од тековното работење и се актуелни во дадениот момент.

Реализирањето на Програмата ќе се врши преку надлежните комисии на Советот, чии претседатели се должни доследно да ги почитуваат утврдените термини.

Програмата за работа на Советот на Општина Валандово за 2025 година, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“, а со нејзино реализирање ќе се отпочне од 01.01.2025 година.

Бр.08-161/25
23.12.2024 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков